УП1 10-4288
12.12.2011
КИЧЕВО-KERÇOVË

Градоначалникот на Општина Кичево, решавајќи по барањето на инвеститорот ДТПУ АС СЕЊАК ув.изв. СЕЛАУДИН АРИФИ ДООЕЛ од о.Кичево-управител Селаудин Арифи од Кичево ул.,,Крушевска,,бр.10 поднесено под $УП_1$ бр.10-4288 од 08.11.2011 год.,за издавање на одобрение за градење на станбена зграда, втора категорија, врз осова на Член 58 Став 2 од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија", бр.59/11), а во врска со Член 205, Став 1 и Член 209 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на РМ", бр.38/05 и 110/08), го издава следното:

28.12.2011

# ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ

На инвеститорот ДТПУ АС СЕЊАК ув.изв. СЕЛАУДИН АРИФИ ДООЕЛ од о.Кичево-управител Селаудин Арифи од Кичево ул.,,Крушевска,,бр.10 му се одобрува изградба на станбена зграда, од втора категорија,со спратност По+Пр+5ката на ул.,,Новопроектирана,,бр./ за "БЛОК 1",дел касарна ,,Чедо Филипоски-Даме,, за КО Кичево 3, на ГП.бр.4, КП.бр.37/3-Кичево.

Одобрението за градење се издава за градење на станбена зграда.

Инвеститорот може да ја започне градбата, откако ова одобрение ќе стане правосилно во управната постапка.

Ова одобрение престанува да важи доколку инвеститорот не почне со изградба во рок од две години од денот на правосилноста на одобрението за градење, согласно Член 66 од Законот за градење.

Доколку градбата отпочнала да се гради по истекот на рокот од две години од денот на правосилноста на одобрението, се смета дека градењето е бесправно.

## Образложение

Инвеститорот ДТПУ АС СЕЊАК ув.изв. СЕЛАУДИН АРИФИ ДООЕЛ од о.Кичево-управител Селаудин Арифи од Кичево ул.,,Крушевска,,бр.10, поднесе барање УП1 бр. 10-4288 од 08.11.2011 год., за издавање на одобрение за градење на станбена зграда,со спратност По+Пр+5ката на ул.,,Новопроектирана,, бр./ за "БЛОК 1",дел касарна ,,Чедо Филипоски-Даме,, за КО Кичево 3, на ГП.бр.4, КП.бр.37/3-Кичево.

Со барањето инвеститорот ја приложи следната документација и докази:

1. Извод од ДУП за "БЛОК 1",дел касарна ,,Чедо Филипоски-Даме,, за КО Кичево 3,Кичево со бр.09-12/127 од 16.03.2011 год. издаден од Општина Кичево.

2. Основен проект со тех.бр.59/11 од септември 2011 год., изработен од ,,ПЕРКАН ПРОЕКТ ДООЕЛ Прилеп,, во три примероци.

3.Ревизија на Основен проект со тех.бр.0702-55 од 12.10.2011год. и Завршна ревизија (фаза статика) со тех.бр.0702-55/1 од 21.10.2011год. изработени од

Друштво за инжинеринг РИ-И Рударски институт и др. ДОО Скопје.Елаборат за геомеханички истражни работи со тех.бр.ГМЕ-125-03/11 од март 2011год. и Извештај од извршени контролни геомеханички испитувања од септември 2011год.изработени од ДГГИПИ ГЕОС-М ДООЕЛ Скопје.

4. Доказ за право на градење Имотен лист бр.01871 од 21.10.2011 год. издаден од страна на издаден од Агенција за катастар на недвижности - Центар/одде. за катастар на недвижности Кичево;

5. Геодетски елаборат за нумерички податоци изработен врз основа на извод од ДУП со бр.07-929/2 од 04.11.2011 год., издаден од ПРЕМЕР-ЕКСТРА Кичево.

6. Доказ акт за регулиран надоместок на градежното земјиште: Договор бр.10-2796/8 од 29.11.2011 год. со Пресметка бр.10-2796/7 од 24.11.2011 год. и двете издадени од Општина Кичево, Сектор за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште и локален економски развој Одделение за комунални дејности.

Согласности и мислења прибавени согласно Член 59-в од Законот за градење:

- Хидротехнички услови бр.03-3840 од 14.11.2011 год. издадени од ЈП за комунални дејности „Комуналец„ од Кичево.

- Електроенергетска согласност бр.27-5285/2 од 17.11.2011 год. издадена од ЕВН Македонија АД. Скопје КЕЦ Кичево.

- Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари,експлозии и опасни материи со бр.10-346/2 од 10.11.2011год издадена од Дирекција за заштита и спасување-Подрачно одделение за заштита и спасување-Кичево.

Врз основа на горе изнесеното, Градоначалникот на Општина Кичево одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова одобрение инвеститорот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

Таксата по Членот 37 Тарифен бр. 88 Точка 1 Алинеа 4 од Законот за измена и дополна на Законот за административни такси ("Службен весник на РМ" бр. 61/2004 и 6/2010) е наплатена во износ од 2050,00 ден., и приложена со барањето.

Доставено до :
- Инвеститорот,
- Овластена градежна инспекција на Општината
- Архива

ЛБ/

**ОПШТИНА КИЧЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.ел.инг. Благоја Деспотоски**